**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**
СТ.бр.113/11
24.01.2012 год.
В Е Л Е С

# О Г Л А С

Со решение СТ бр.113/11 од 24.01.2012 год. на Основен суд Велес **СЕ ПОВЕДУВА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА за испитување на услови за отворање на стечајна постапка над должникот** Друштво за трговија транспорт и шпедиција Шема Шпед ЗЦ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци со седиште на ул.Страшо Пинџур бр 59 А /1-8 Кавадарци, со трансакциска сметка бр 200001939227387 во Стопанска банка АД Скопје, трансакциска сметка бр 290100005393731 во ТТК Банка АД Скопје, трансакциска сметка бр 300040000034178 во Комерцијална банка АД Скопје, Трансакциска сметка бр 320100005004813 во Централна Кооперативна банка АД Скопје и трансакциска сметка бр 370071100196092 во Еуростандард Банка АД Скопје**,** со единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) 5828848, со единствен даночен број 4011003120607, со приоритетна дејност 49.41-товарен патен транспорт.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка на ден 15.02.2012 год. во 14,30 часот во судница бр.3 на Основен суд Велес и СЕ ПОВИКУВА предлагачот,полномошникот на предлагачот, застапникот на должникот и привремениот стечаен управник.

Против ова решение не е дозволена жалба.

Во претходната постапка над должникот до донесување на одлука по предлогот за отворање на стечајна постапка СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ СЛЕДНИТЕ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ:

-ЗА ПРИВРЕМЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК се определува лицето Ацо Петров од Скопје на ул. Рузвелтова бр.1/3 Скопје, тел.бр.070-221-156.

СЕ ОДРЕДУВА да должникот може да располага со својот имот само со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

СЕ ЗАБРАНУВА одредувањето или спроведувањето на присилното извршување или обезбедувањето против должникот .

СЕ ЗАБРАНУВА исплата од сметките на должникот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник да испита дали се исполнети условите за отварање на стечајна постапка на должникот и ги утврди причините за неликвидноста и состави писмен извештај во рок од 15 дена од приемот на решението.Да врши контрола на активните и пасивните

парници и другите постапки кои се во тек на должникот и ги превземе истите.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето се до донесување на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да се испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Органите на должникот се должни на привремениот стечаен управник да му допуштат да влезе во деловните простории за да може да ги спроведе потребните дејствија и да изврши увид во трговските книги и во деловната документација.

СЕ ПОВИКУВААТ должниците на должникот своите обврски и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Од Основен суд Велес.

Стечаен судија

Валентина Петровска